РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# ПРЕДИЗБОРЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

Скопје, 20.03.2014 година

Законот за изменување и дополнување на изборниот законик (Службен весник на Република Македонија бр. 14 од 24.01.2014 година) во член 2 став 4, уредува обврска за Министерство за финансии да поднесе предизборен финансиски извештај, во кој треба да се даде преглед на сите планирани и реализирани приходи и расходи од Буџетот на Република Македонија по ставки, во периодот од почетокот на фискалната година до денот на поднесувањето на извештајот (две недели по распишување на изборите).

Имајќи предвид дека Собранието на Република Македонија на ден 06.03.2014 година ги распиша предвремените парламентарни избори, Министерство за финансии со овој извештај постапува по одредбите од Законот за изменување и дополнување на изборниот законик.

Согласно Буџетот на Република Македонија за 2014 година донесен во декември 2013 година, вкупните приходи се планирани на ниво од 158,243 милијарди денари, а расходите на 176,514 милијарди денари.

Во периодот од почетокот на фискалната година до **19ти март 2014 година**, вкупните остварени приходи на Буџетот на Република Македонија изнесуваат **28,115 милијарди денари**.

Во рамки на вкупните приходи на Буџетот на Република Македонија, 25,018 милијарди денари се остварени по основ на даночни приходи и социјални придонеси. Неданочните приходи се реализирани во износ од 2,289 милијарди денари. Капиталните приходи се остварени во износ од 221 милиони денари, а останатите приходи (донации и приходи од отплата на заеми) изнесуваат 587 милиони денари.

Во структурата на даночни приходи најголемо учество имаат приходите наплатени од домашните даноци на стоки и услуги кои се остварени во износ од 10,709 милијарди денари. Во рамки на истите, по основ на ДДВ се остварени 7,797 милијарди денари, додека по основ на акциза 2,912 милијарди денари. Придонесите за социјално осигурување, како изворен приход на Фондот за пензиски и инвалидско осигурување, Агенцијата за вработување и Фондот за здравствено осигурување, се остварени во износ од 9,584 милијарди денари. Даноците од доход, добивка и капитални добивки изнесуваат 3,489 милијарди денари, данокот од меѓународна трговија и трансакции (царини) е остварен во износ од 869 милиони денари, додека од останатите даночни приходи (такси на користење и дозволи за вршење на дејности) во овој период од годината се наплатени 367 милиони денари.

Неданочните приходи на Буџетот на Република Македонија заклучно со 19$^{ти}$ март 2014 година се остварени во износ од 2,289 милијарди денари, во кои најголемо учество имаат приходите од такси и надоместоци во износ од 923 милиони денари (во најголем дел такси во високото образование во износ од 790 милиони денари). Во рамки на неданочните приходи остварени се приходи од судски и административни такси во износ од 295 милиони денари и приходи од глоби во износ од 160 милиони денари. По основ на приходи од други владини услуги (приходи од издавање на лични документи, надоместоци за дозволи и лиценци и друго) остварен е износ од 518 милиони денари, други неданочни приходи остварени се во износ од 330 милиони денари, а приход од имот (камата на депозити и др.) во износ од 63 милиони денари.

Капиталните приходи во анализираниот период се остварени во износ од 221 милиони денари (продажба на капитални средства во износ од 33 милиони денари и продажба на земјиште и нематеријални вложувања во износ од 188 милиони денари).

Во периодот јануари – 19[ти] март 2014 година, вкупните реализирани расходи на Буџетот на Република Македонија се на ниво од 40,889 милијарди денари.
Со ваквата реализација се обезбеди нормално функционирање на сите институции корисници на средствата од Буџетот и навремено сервисирање и исплата на сите законски обврски.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 5,696 милијарди денари, со што навремено се исплатени декемвриската, јануарската и февруарската плата за вработените во буџетските корисници.
За набавка на стоки и услуги во анализираниот период се реализирани вкупно 8,024 милијарди денари, со кои буџетските корисници навремено ги исплаќаа своите обврски кон добавувачите. Во рамки на договорните услуги 4,330 милијарди денари се исплатени за здравствена заштита на населението. Овие средства се реализирани преку Фондот за здравствено осигурување, кој како купувач на услуги исплатите ги врши за извршени услуги како од јавните здравствени институции, така и од приватни установи кои се дел од здравствената мрежа со кои Фондот има склучено договор. Во рамки на вкупните расходи за стоки и услуги реализирани се и расходи за комунални услуги во износ од 1,043 милијарда денари, расходи за материјали и ситен инвентар во износ од 692 милиони денари, за поправки и тековно одржување во износ од 322 милиони денари, за други тековни расходи (провизии, членарини и сл.) во износ од 299 милиони денари, а за патни и дневни расходи 161 милиони денари.
Согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа од Буџетот на Република Македонија преку категоријата тековни трансфери до единиците на локалната самоуправа се реализираат блок и наменски дотации и дотацијата од ДДВ на месечна основа. Во овој период реализирани се 3,644 милијарди денари, и тоа по основ на дотациите од ДДВ реализирани се 289 милиони денари, а за блок и наменски дотации реализирани се 3,355 милијарди денари.

Согласно амортизационите планови во овој период од годината доспеани и исплатени се 1.007 милијарда денари за каматни плаќања по основ на користени кредити и издадени државни хартии од вредност. Во овој дел каматните плаќања кон нерезидентните кредитори се извршени во износ од 628 милиони денари, а за каматните плаќања кон резидентните кредитори исплатени се 379 милиони денари.

Субвенциите и трансферите се реализирани во вкупен износ од 5,300 милијарди денари. Во оваа категорија најголемо учество имаат субвенциите во земјоделството исплатени од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во износ од 4,002 милијарда денари, согласно донесената Програма и завршените контроли на терен. Истовремено преку Министерството за труд и социјална политика навремено се вршеа исплати за субвенциите за народни кујни, заштитни организации и енергетска сиромаштија за кои се реализирани 233 милиони денари. Министерството за образование и наука реализираше расходи за ученички и студентски домови, стипендии и школарини во земјата и странство во износ од 271 милиони денари.

Социјалните бенефиции од почетокот на годината до 19.03.2014, се исплатени во износ од 13,496 милијарди денари. Во овие рамки најзначајни средства се реализирани преку Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и тоа 10,588 милијарди денари се наменети за навремена исплата на три месечни пензии за 292.748 пензионери, а за транзициски трошоци до приватните пензиски фондови реализирани се 1,000 милијарда денари. Трошоците за социјална помош реализирани се во износ од 1,152 милијарда денари. За остварување на правото за паричен надоместок во случај на невработеност преку Агенцијата за вработување на Република Македонија реализирани се 332 милиони денари, а за трошоци за боледување и породилно отсуство преку Фондот за здравствено осигурување реализирани се 423 милиони денари.

Капиталните расходи на Буџетот на Република Македонија заклучно со 19ти март реализирани се во износ од 3,665 милијарди денари, со кои се исплатени обврските на буџетските корисници согласно склучените договори. Од овој износ се исплатени средства за извршени работи на Коридорот 10, за изградба и реконструкција на школи, здравствени установи, спортски објекти, водоводи и канализации, технолошко индустриски развојни зони и др. Трошоците за купување на возила реализирани се во износ од 455 милиони денари, кои се однесуваат на исплата на рата за повеќегодишна набавка на автобуси за јавен превоз во износ од 320 милиони денари и набавка на амбулантни возила во износ од 120 милиони денари. Во ставката 489 капитални субвенции за претпријатија и невладини организации реализирани се капиталните субвенции од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во износ од 249 милиони денари согласно Програмата за рурален развој, капитални субвенции од Министерство за транспорт и врски во износ од 171 милиони денари за железничка инфраструктура и 111 милиони денари за обврски согласно Акцискиот план за дигитализација (кој се имплементира преку ЈП МРТ и ЈП МРД) .

Реализацијата на приходите и расходите на Буџетот на Република Македонија е согласно планираната динамика и истата  непречено се одвива согласно ликвидноста на Буџетот.

Предизборен финансиски извештај за остварени приходи и извршени расходи на Буџет на РМ за периодот 01.01-19.03.2014 година

| | | опис | Буџет на РМ | реализација |
|---|---|---|---|---|
| | 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 15,062,000,000 | 3,488,902,133 |
| | 712 | Придонеси за социјално осигурување | 45,152,800,000 | 9,583,833,151 |
| | 714 | Домашни даноци на стоки и услуги | 64,824,000,000 | 10,709,166,095 |
| | 715 | Данок од меѓународна трговија и трансакции (царини и давачки) | 4,086,000,000 | 869,413,346 |
| | 716 | Еднократни посебни такси | 0 | 2,185,268 |
| | 717 | Даноци на специфични услуги | 0 | 1,273,227 |
| | 718 | Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 4,734,300,000 | 363,567,252 |
| **71** | | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **133,859,100,000** | **25,018,340,472** |
| | 721 | Претприемачки приход и приход од имот | 457,000,000 | 63,253,802 |
| | 722 | Судски, административни такси и глоби | 2,354,631,000 | 454,472,666 |
| | 723 | Такси и надоместоци | 4,231,619,000 | 922,624,791 |
| | 724 | Други владини услуги | 2,883,745,000 | 518,390,065 |
| | 725 | Други неданочни приходи | 3,796,118,000 | 330,046,797 |
| **72** | | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **13,723,113,000** | **2,288,788,121** |
| | 731 | Продажба на капитални средства | 410,000,000 | 32,678,843 |
| | 733 | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 3,626,600,000 | 187,584,580 |
| | 734 | Приходи од дивиденди | 2,503,005,000 | 409,882 |
| **73** | | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **6,539,605,000** | **220,673,305** |
| | 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 430,137,000 | 13,913,852 |
| | 742 | Донации од странство | 3,080,108,750 | 371,031,342 |
| | 743 | Капитални донации | 1,160,000 | 0 |
| | 744 | Тековни донации | 9,220,000 | 635,150 |
| **74** | | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **3,520,625,750** | **385,580,344** |
| | 781 | Приходи од наплатени дадени заеми | 600,000,000 | 201,626,437 |
| **78** | | **ПРИХОДИ ОД ОТПЛАТА НА ЗАЕМИ** | **600,000,000** | **201,626,437** |
| **Вкупно приходи на Буџет на РМ** | | | **158,242,443,750** | **28,115,008,679** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 401 | Основни плати | 16,971,080,000 | 4,071,801,722 |
| | 402 | Придонеси за социјално осигурување | 6,639,884,000 | 1,608,600,943 |
| | 404 | Надоместоци | 70,922,000 | 16,065,445 |
| **40** | | **Плати и надоместоци** | **23,681,886,000** | **5,696,468,110** |
| | 412 | Постојана резерва | 50,000,000 | 31,146,951 |
| | 413 | Тековни резерви | 50,000,000 | 25,964,891 |
| **41** | | **Резерви и недефинирани расходи** | **100,000,000** | **57,111,842** |
| | 420 | Патни и дневни расходи | 759,012,000 | 160,765,222 |
| | 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 4,417,103,000 | 1,042,734,046 |
| | 423 | Материјали и ситен инвентар | 3,663,076,000 | 692,095,401 |
| | 424 | Поправки и тековно одржување | 1,519,736,000 | 322,129,396 |
| | 425 | Договорни услуги | 26,411,744,000 | 5,490,523,974 |
| | 426 | Други тековни расходи | 1,811,289,000 | 298,648,543 |
| | 427 | Привремени вработувања | 87,164,000 | 17,375,165 |
| **42** | | **Стоки и услуги** | **38,669,124,000** | **8,024,271,747** |
| | 441 | Дотации од ДДВ | 1,733,000,000 | 288,833,332 |
| | 442 | Наменски дотации | 295,916,000 | 73,482,525 |
| | 443 | Блок дотации | 13,975,960,000 | 3,282,141,441 |
| **44** | | **Тековни трансфери до единиците на локалната самоуправа** | **16,004,876,000** | **3,644,457,298** |
| | 451 | Каматни плаќања кон нерезиденти кредитори | 2,547,500,000 | 627,963,180 |
| | 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 1,829,700,000 | 379,105,403 |
| | 453 | Каматни плаќања кон други нивоа на власт | 25,500,000 | 0 |
| **45** | | **Каматни плаќања** | **4,402,700,000** | **1,007,068,583** |
| | 461 | Субвенции за јавни претпријатија | 245,000,000 | 53,234,533 |
| | 462 | Субвенции за приватни претпријатија | 167,000,000 | 3,080,265 |
| | 463 | Трансфери до невладини организации | 288,257,000 | 19,912,074 |
| | 464 | Разни трансфери | 11,824,405,000 | 5,083,423,240 |
| | 465 | Исплата по извршни исправи | 207,850,000 | 139,912,656 |
| **46** | | **Субвенции и трансфери** | **12,732,512,000** | **5,299,562,768** |
| | 471 | Социјални надоместоци | 5,940,846,000 | 1,152,498,940 |
| | 472 | Плаќања на бенефиции од Фондот за ПИОМ | 48,222,700,000 | 11,587,943,912 |
| | 473 | Плаќања на надоместоци од Агенцијата за вработување | 2,282,132,000 | 332,134,299 |
| | 474 | Плаќања на надоместоци од Фондот за здравствено осигурување | 2,100,000,000 | 423,115,803 |
| **47** | | **Социјални бенефиции** | **58,545,678,000** | **13,495,692,954** |
| | 480 | Купување на опрема и машини | 3,683,693,000 | 458,695,168 |
| | 481 | Градежни објекти | 2,015,798,000 | 194,006,397 |
| | 482 | Други градежни објекти | 9,430,654,000 | 1,657,359,063 |
| | 483 | Купување на мебел | 133,258,000 | 44,081,360 |
| | 484 | Стратешки стоки и други резерви | 980,650,000 | 11,473,245 |
| | 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 1,190,721,000 | 77,899,022 |
| | 486 | Купување на возила | 641,647,000 | 454,734,980 |
| | 488 | Капитални дотации до ЕЛС | 1,205,385,000 | 199,169,503 |
| | 489 | Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | 3,095,280,000 | 567,225,627 |
| **48** | | **Капитални расходи** | **22,377,086,000** | **3,664,644,365** |
| **Вкупно расходи на Буџет на РМ** | | | **176,513,862,000** | **40,889,277,667** |